04-05-2022

МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
MINISTRIA E KULTURËS
СКОПЈЕ-SHKUP

| Примено: E pranuar: | 05 05 2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| УПЛ | 03-87 | | |

03/7

**До:** Министерство за култура
Ул. Ѓуро Ѓаковиќ, бр. 61
1000 Скопје

**БАРАЊЕ**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

**Од:**

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

- На колку вработени (во јавниот сектор) им престанал работниот однос во институцијата, **наведени по звање, образование, години на работно искуство и основ за престанок на работниот однос,** за 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година, **поединечно за секоја година?**
- Колку нови вработувања и преземања (од јавниот сектор) се направени во институцијата, **наведени по звање, образование, години на работно искуство и основ за започнување на работниот однос,** за 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година, **поединечно за секоја година?**
- Колку вработени на определено време, авторски договор и/или друг основ ангажирала институцијата, **наведени по звање, образование, години на работно искуство, основ за започнување на работниот однос и траење на договорот (доколку и за што е возможно)** за 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година, **поединечно за секоја година?**

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

1) увид
2) препис
3) фотокопија
4) **електронски запис (пожелно е во word или во excel формат)**
5) друго ______________

Начин на доставување на информацијата:

1) по пошта
2) телефон
3) факс
4) **е-маил**

[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
УП1 бр. 03-87
12-05-2022 2022 год.

Скопје

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од страна на преку застапник/полномошник УП1 бр.03-87 од 05.05.2022 година, заменикот министер за култура го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

**за посредување по поднесено барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** поднесено од страна на преку застапник/полномошник заведено под број УП1 бр.03-87 од 05.05.2022 година (во натамошниот текст: барател на информација) до Министерството за култура **СЕ ПРИФАЌА.**

Со Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од барателот на информацијата се бараат следните информации:

• На колку вработени (во јавниот сектор) им престанал работниот однос во институцијата, **наведени по звање, образование, години на работно искуство и основ за престанок на работниот однос**, за 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година, **поединечно за секоја година?**

• Колку нови вработувања и преземања (од јавниот сектор) се направени во институцијата, **наведени по звање, образование, години на работно искуство и основ за започнување на работниот однос**, за 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година, **поединечно за секоја година?**

• Колку вработени на определено време, авторски договор и/или друг основ ангажирала институцијата, **наведени по звање, образование, години на работно искуство, основ за започнување на работниот однос и траење на договорот (доколку и за што е возможно)** за 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година, **поединечно за секоја година?**

Барателот на информацијата побара информацијата да му биде доставена во електронска форма.

Министерството за култура на електронската адреса го дава следниот одговор:

**Во 2020 година на 29 лица им престанал работниот однос и тоа по следните основи:**

**-еден (1)** Советник–престанок на работен однос: со Спогодба за трајно преземање во друга институција;

**-дваесет и три (23)** лица со Спогодба за трајно преземање од Управата за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците во Република Македонија која беше во состав на Министерството за култура, без својство на правно лице. Согласно заклучок на Владата сите вработени од спомнатата Управа со Спогодба за трајно преземање преминаа во Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците од кои 1 Раководител на одделение; 4 Советници, 1 Виш соработник, 15 Помлади соработници и 2 самостојни референти;

**-еден(1)** помлад соработник престанок на работен однос со Спогодба за трајно преземање во друга институција;

**-еден (1)** раководител на одделение, образование: правни науки , по лично барање;

**-три (3) пензионирања** и тоа еден (1) самостоен референт, еден (1) раководител на одделение и еден (1) помошник раководител на сектор.

**Во 2021 година на 8 лица им престанал работниот однос и тоа по следните основи:**

**-еден (1) раководител на сектор,** со Спогодба за трајно преземање во друга институција образование-правни науки;

**-еден (1) виш соработник** со Спогодба за трајно преземање во друга институција, образование – наука за книжевноста;

**-еден (1) помлад соработник** со Спогодба за трајно преземање во друга институција;

**-еден (1)** возач со Спогодба за трајно преземање во друга институција;

**-четири (4) пензионирања** и тоа : еден (1) раководител на сектор –образование –правни науки, еден (1) помошник раководител на сектор –образование правни науки, двајца (2) раководители на одделение – образование: економски науки и филозофија.

**Во 2022 година на 1 лице му престанал работниот однос и тоа по следните основи:**

**-Еден (1) помошник раководител на сектор** по лично барање ,образование: економски науки работно искуство: 15 години.

2. По однос на барањето колку нови вработувања и преземања се направени во институцијата наведени по звања, образование, години на работно искуство и основ за започнување на работниот однос за 2020, 2021 и првите месеци од 2022 година поединечно за секоја година, Одделението за управување со човечки ресурси ве известува како што следи:

**По основ на вработувања во 2020 година**, согласно Планот за вработување за 2020 година реализирани се 9 вработувања, а 2 лица се преземени со Спогодба за трајно преземање од друга институција и тоа:

- **Еден** (1) Помошник раководител на сектор – образование: наука за книжевност работно искуство: 12 години
- **Двајца** (2) Советници – образование : правни науки и економски науки ; работно искуство: 7 години ;
- **Шест** (6) Помлади соработници – образование: наука за книжевноста, економски науки, информатика, правни науки и политички науки - без работно искуство.

- Со Спогодба за трајно преземање преземени се:
- **Еден** (1) помлад соработник, работно искуство : без работно искуство;
- **Еден** (1) советник , образование: наука за книжевноста, работно искуство 8 години.

**По основ на вработувања за 2021 година** согласно Планот за вработување за 2021 година реализирани се 8 вработувања и 5 спогодбени преземања и тоа :

- **Еден** (1) Помошник раководител на сектор, образование: економски науки, работно искуство: 13 години;
- **Двајца** (2) раководители на одделение, образование: правни науки, филозофија работно искуство: 17 и 15 години;
- **Еден** (1) виш соработник ,образование: правни науки, работно искуство:3 години;
- **Четворица** (4) помлади соработници –економски науки, информатика, ликовна уметност, наука за книжевност- без работно искуство;
- **Двајца** (2) државни советници со Спогодба за трајно преземање образование: наука за книжевност, работно искусто: 24 и 15 години;
- **Еден** (1) помошник раководител на сектор со Спогодба за трајно преземање, образование:наука за книжевност, работно искуство: 26 години;
- **Двајца** (2) помлади соработници, образование: правни науки и образование работно искуство: без работно искуство.

**По основ на вработувања за 2022 година немаме реализирани вработувања.**

3. По однос на барањето колку има вработени на определено време,авторски договор или друг основ наведени по звања, образование, години на работно искуство, основ за започнување на работниот однос и траење на договорот (доколку и за што е возможно) за 2020, 2021 и првите месеци од 2022 година поединечно за секоја година, ве известуваме дека за наведниот период немаме вработувања на определено време.

4. По однос на ангажирани лица како надворешни соработници за 2020 година со состојба на 31.12.2020 година беа ангажирани 38 лица, за 2021 година со состојба на 31.12.2021 година беа ангажирани 28 лица и за 2022 година ангажирани се 26 лица.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

преку застапник/полномошник , поднесе Барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под број УП1 бр.03-87 од 05.05.2022 година, со кое ги побара следните информации да му бидат доставени во електронска форма:

• На колку вработени (во јавниот сектор) им престанал работниот однос во институцијата, **наведени по звање, образование, години на работно искуство и основ за престанок на работниот однос,** за 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година, **поединечно за секоја година?**

• Колку нови вработувања и преземања (од јавниот сектор) се направени во институцијата, **наведени по звање, образование, години на работно искуство и основ за започнување на работниот однос,** за 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година, **поединечно за секоја година?**

• Колку вработени на определено време, авторски договор и/или друг основ ангажирала институцијата, **наведени по звање, образование, години на работно искуство, основ за започнување на работниот однос и траење на договорот (доколку и за што е возможно)** за 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година, **поединечно за секоја година?**

Постапувајќи по Барањето, а во согласност со членот 20 став (1) од Законот, според кој ако имателот на информацијата позитивно одговори на барањето или ако барањето делумно или целосно го одбие, за тоа ќе донесе решение, Министерството за култура одлучи како во диспозитивот на ова Решение и **на Барателот на информацијата му ги даде** бараните информации содржани во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Согласно членот 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Министерството за култура на __.__.2022 година, под УП1 бр. 03-87.

**ЗАМЕНИК МИНИСТЕР**

**Daim Luçi**

Подготвил: Ана Кардула, службено лице